Врз основа на член 384 став 1 и член 387 од Законот за трговски друштва и член 24, член 26 и член 27 од статутот на Интернешнел Хотелс Акционерско друштво за хотелиерство и угостителство Скопје и Одборот на директори на Друштвото го објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК

За свикување на Годишно собрание на акционери на Друштвото ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС Акционерско друштво за хотелиерство и угостителство Скопје со седиште на Бул.Александар Македонски ББ.1000 Скопје.
Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 24/08/ 2023 год. со почеток во 10:00 часот во просториите на М6 Едукативен Центар на адреса: ул:"810" бр:2, 1000 Скопје.
За работата на седницата на Собранието се предлага следниот дневен ред:

Процедурален дел:

1.Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување на Собранието (кворум).
2.Избор на Претседавач на Собранието на акционери.
3.Избор на бројач на гласови.

Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на друштвото во текот на 2022 год.
2. Усвојување на годишната сметка на друштвото за 2022 година и ревизорскиот извештај за истата.
3. Донесување Одлука за покривање на загубата за 2022 година
4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на Одборот на директори во текот на 2022 год и одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори.
5. Назначување на овластен ревизор за годишната сметка за 2023 год.
6. Донесување на одлука за разрешување на членовите на Одборот на директори на друштвото.
7. Донесување на одлука за избор на членовите на одборот на директори на друштвото.

Се повикуваат акционерите на Друштвото ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС Акционерско друштво за хотелиерство и угостителство Скопје, да присуствуваат и учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на закажаното Собрание е должен да го пријави своето учество, најдоцна пред почетокот на седницата.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието кое ќе учествува и гласа на седницата на собранието во негово име без обврска да го заверат полномошното кај нотар, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложат за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка или по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред од седницата на собранието на друштвото, најдоцна во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред на седница на Собрание на друштвото.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред на основа овој Јавен повик, а согласно Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето е јавно а одлуките се носат со мнозинство на гласови на присутните или претставени акционери.

Известувањата за информациите од член 388-б од Законот за трговски друштва ќе бидат објавени на интернет страната на друштвото www.hotelcontinental.com.mk

Јавниот повик и неговата содржина ќе се објави во дневен весник и ќе се објави на интернет страната и на огласна табла на Друштво ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС Акционерско друштво за хотелиерство и угостителство Скопје www.hotelcontinental.com.mk.

Одборот на директори
на Друштво ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС
Акционерско друштво за хотелиерство и угостителство Скопје.